Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта -Скопје ц.о.
Ndërmarrja publike e mirëmbajtjes dhe mbrojtjes së rrugëve magjistrale dhe rajonale-Shkup c.o.
Бр./Nr. 05 - 293/1
07. 03 2025 год./viti

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

## За работењето на Јавното Претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о.

## за период од 01.10.2024 до 31.12.2024 година

Споредбена подетална анализа на остварени приходи и остварени расходи во четвртото тромесечие од годината ( 01.10. – 31.12.2024 ) со истиот период во претходната 2023г.

## ПРИХОДИ

**ВКУПНИТЕ ПРИХОДИ** кои се остварени за период од 01.10.-31.12.2024 година изнесуваат **491.271.443,оо денари** и споредбено со истиот период во 2023 година зголемени се за **78,12%.**

Во структурата на вкупните приходи се содржани

1. **ПРИХОДИ ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ**
   - **Приходи од трети лица**
   - **Приходи од ЈП за ДП**
2. **ОСТАНАТИ ПРИХОДИ**

Од нивна подетална анализа се гледа дека кај **приходите од редовно работење** кои изнесуваат **486.469.171,оо денари** има зголемување од **84%** и истите во структурата на вкупните приходи земаат учество од **99,02%.** Сите се реализирани од **ЈП за Државни Патишта во износ од 486.469.171,оо денари.** Зголемувањето е заради зголемен обем на работа по позиции од Програмата.Истите со добра и организирана работа се реализирани во периодот каде Претпријатието работи со висок позитивен резултат. Позиции за инвестиционо, тековно и зимско одржување ( асфалтирањата на патни правци од програмата). Приходи од **трети лица нема (целосна ангажираност во реализација на позициите од програмата).**

**Останатите приходи** изнесуваат **4.802.272,оо денари** и истите во споредба со 2023 се намалени за 57,96%. Нивното учество во вкупните приходи е **0,98%.** Подеталната анализа на останатите приходи покажува дека ова намалување е резултат на намален приход од отпишани обврски заради

застареност. Евидентирани се приходи од донации (оприходување согласно пресметана амортизација на возила по МСС). Зголемување има во приходите од наплатени штети од осигурителни компании, дисциплински казни и повеќе исплатен нето.

## РАСХОДИ

**Вкупните расходи** во период од **01.10. до 31.12.2024** година изнесуваат **362.793.171,оо** денари и истите во споредба со периодот во 2023 година се намалени за **1,49%** .

Подетално анализирани по видови на расход

**1.МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ**

**2.НЕМАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ**

**3.ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО**

**Материјалните трошоци** изнесуваат **145.552.149,оо** денари и споредбено со истиот период во 2023 година зголемени се за **58,89%.** Нивното учество во вкупните приходи е **29,63%. Зголемувањето е** заради зголемени трошоци по поедини ставки содржани во материјалните трошоци и тоа (трошоци за суровини и материјали-зголемување од 110,66% согласно зголемената реализација, трошоци за електрична енергија зголемување од 91,20%-зголемена цена по KWh, потрошено гориво-зголемување од 12,60%), намалување има кај резервни делови за 11,28%, и намалување кај трошоците за ситен инвентар и автогуми од 30,23%). **Нематеријалните трошоци** за последното тромесечие во 2024 година изнесуваат **37.614.631,оо** денари и споредено со истиот период минатата година намалени се за **48,43%.** Нивното учество во вкупниот приход е **7,66%.** Анализирано по поедини ставки, намалување има кај услугите за одржување и заштита-помалку користени услуги од овластени сервиси во одржување на механизацијата (редовни сервиси на возила, и одржување на истите во функција). Кај услугите од трети лица има намалување, кое гледано во номинален износ во најголем дел влијае на намалувањето на нематеријалните трошоци. Во овие услуги содржани се (услуги за давање форма на знаци, рецептури за бази, како и услуги од трети лица ангажирани за работа по позиции од Програмата). **Останатите трошоци** од

работењето изнесуваат **9.793.220,оо** денари и споредбено со истиот период во 2023 година зголемени се за 4,25%, а нивното учество во вкупниот приход е 1,99%. Кај повеќето ставки нема позначајни разлики.Кај даноците кои не зависат од резултатот има намалување од 94,58%,а позначајна разлика **зголемување** има кај договорите за дело (неопходни во извршување на редовните обврски, надополнување на испразнети работни места заради одливот на вработени заминати во пензија и починати работници ). **Бруто платата** има намалување од 6,75% заради намален број на вработени, претходно искоментирани.

**ФИНАНСИСИ РЕЗУЛТАТ** – Финансискиот резултат за ова тромесечие е **позитивен – добивка од 128.478.272,оо денари.**

**Јавното Претпријатие на 31.12.2024 година има 729 вработени**.

Просечна исплатена бруто плата по вработен изнесува **53.968,оо** денари

Што е под просечната исплатена бруто плата во Р.С.М. која изнесува **64.037,оо** денари по вработен.

## ВКУПНИ ОБВРСКИ

Вкупните обврски на претпријатието изнесуваат **1.661.411.078,оо** денари и истите споредено со периодот во 2023 година зголемени се за **9,19%.** Од нив обврските кон добавувачи се **зголемени за 11,45%** и изнесуваат **1.399.875.506,оо** денари. Од нив **редовните** изнесуваат **1.172.766.072,оо** денари, а обврските по **извршни решенија** кои чекаат за наплата во деловните банки **227.109.434,оо** денари. Обврските за **штети** по извршни решенија се зголемени за **19,37%** и изнесуваат **261.544.291,оо** денари. **Обврските за ДДВ** изнесуваат **( во претплата 179.892,оо денари ).** Обврска за данок од добивка (**претплата 253.827,оо денари**)Износот на обврската за бруто плата е 0 ( исплатена плата за 12 месец на 31.12.2024 година). Обврските за теренски додаток се исплатени заедно со плата.

## ПОБАРУВАЊА

**Вкупно ненаплатени побарувања** изнесуваат **414.883.593,оо** и споредено со 2023 година значајно се зголемени. Побарувањето од купувачи – редовни изнесуваат 399.707.281,оо денари, од кои во целост е побарување од ЈП за Државни патишта. Побарувањата од купувачи (сомнителни и спорни) се намалени за 3,19% и се во износ од **– 15.176.313,оо** денари.

Јавното претпријатие во последниот квартал - период од 01.10.2024-31.12.2024г. искажува позитивен финансиски резултат-добивка- во износ од 128.478.272,оо денари. Оваа состојба е резултат на максимална ангажираност и посветеност на раководството, со добра организација, редовни контроли и визија за подобрување на севкупната состојбата на Претпријатието ( како финансиска, така и навремено и квалитетно одржувањето на автопатите во текот на целата година, независно од временските влијанија).

Изготвил

Оливија Јаневска

В.Д. ДИРЕКТОР

Дипл.правник Нуредин Фетаи

Скопје ц.о.
Shkup c.o.

Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта -Скопје ц.о.
Ndërmarrja publike e mirëmbajtjes dhe mbrojtjes së rrugëve magjistrale dhe rajonale-Shkup c.o.
Бр./Nr. 05 - 293/1
07.03 2025 год./viti

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА МАГИСТРАЛНИТЕ И РЕГИОНАЛНИТЕ ПАТИШТА СКОПЈЕ-ц.о.

## за период од 01.10.-31.12.2024 год.

| ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ | | Вкупно 01.10.2023 31.12.2023 | Вкупно 01.10.2024 31.12.2024 | споредбено 2024/2023 | индекс на зголемување -намалување | структура на вкупните приходи 2023 | структура на вкупните приходи 2024 | планирано за 2024 год. | остварено од планирано |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 1 | Приходи од ЈП за Државни патишта Скопје | 264,183,132.00 | 486,469,171.00 | 184.14 | 84.14 | 95.79 | 99.02 | **2,035,000,000.00** | **23.91** |
| 2 | Приходи од трети лица | 196,805.00 | | 0.00 | -100.00 | 0.07 | 0.00 | **11,000,000.00** | **0.00** |
| | **ПРИХОДИ ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ** | **264,379,937.00** | **486,469,171.00** | **184.00** | **84.00** | **95.86** | **99.02** | | |
| 1 | Вишоци на материјали по попис | | 13,652.00 | 0.00 | **-100.00** | **0.00** | **0.00** | | |
| 2 | Отпис на обврски | 2,626,443.00 | 86,763.00 | 3.30 | -96.70 | 0.95 | 0.02 | | |
| 3 | Приходи од донации (амортизација на возила) | 4,564,195.00 | 4,591,820.00 | 100.61 | 0.61 | 1.65 | 0.93 | **33,000,000.00** | **13.91** |
| 4 | Останати приходи од работењето (наплатени штети и камати по извршни,дисциплински казни) | 28,276.00 | 110,037.00 | 389.15 | 289.15 | 0.01 | 0.02 | **5,500,000.00** | **2.00** |
| 5 | Приходи од казнени камати по извршни решенија | 4,203,213.00 | | 0.00 | -100.00 | 1.52 | 0.00 | | |
| | **ОСТАНАТИ ПРИХОДИ** | **11,422,127.00** | **4,802,272.00** | **42.04** | **-57.96** | **4.14** | **0.98** | | |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | | **275,802,064.00** | **491,271,443.00** | **178.12** | **78.12** | **100.00** | **100.00** | **2,084,500,000.00** | **23.57** |

| | ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ | Вкупно 01.10.2023 31.12.2023 | Вкупно 01.10.2024 31.12.2024 | споредбено 2024/2023 | индекс на зголемување -намалување | структура на вкупните приходи 2023 | структура на вкупните приходи 2024 | планирано за 2024 год. | остварено од планирано |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Трошоци за суровини и материјали | 45,723,450.00 | 96,322,494.00 | 210.66 | 110.66 | 16.58 | 19.61 | **451,000,000.00** | **21.36** |
| 2 | Трошоци за електрична енергија | 2,365,397.00 | 4,522,613.00 | 191.20 | 91.20 | 0.86 | 0.92 | **220,000,000.00** | **17.37** |
| 3 | Потрошено гориво и др.енергенси | 29,917,505.00 | 33,686,692.00 | 112.60 | 12.60 | 10.85 | 6.86 | | |
| 4 | Потрошени резервни делови | 8,085,594.00 | 7,173,662.00 | 88.72 | -11.28 | 2.93 | 1.46 | **27,500,000.00** | **26.09** |
| 5 | Отпис на ситен инвентар, авто гуми,ХТЗ | 5,513,657.00 | 3,846,688.00 | 69.77 | -30.23 | 2.00 | 0.78 | **22,000,000.00** | **17.48** |
| **МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ** | **Трошоци за суровини,материјали, енергија,резервни делови и ситен инвентар** | **91,605,603.00** | **145,552,149.00** | **158.89** | **58.89** | **33.21** | **29.63** | | |
| 1 | Транспортни услуги (превоз на материјали,вонреден превоз) | 5,366.00 | 3,318.00 | 61.83 | -38.17 | 0.00 | 0.00 | **66,000,000.00** | **17.57** |
| 2 | ПТТ трошоци,поштарина | 685,088.00 | 1,010,227.00 | 147.46 | 47.46 | 0.25 | 0.21 | | |
| 3 | Услуги за одржување и заштита | 18,033,656.00 | 9,563,727.00 | 53.03 | -46.97 | 6.54 | 1.95 | | |
| 4 | Комунални услуги | 709,738.00 | 696,938.00 | 98.20 | -1.80 | 0.26 | 0.14 | | |
| 5 | Објава на огласи и конкурси во печатени медиуми | 337,582.00 | 238,952.00 | 70.78 | -29.22 | 0.12 | 0.05 | | |
| 6 | Останати услуги | | 24,350.00 | 0.00 | -100.00 | 0.00 | 0.00 | | |
| | Проценка и обука за безбедност и заштита при работа | 2,460.00 | | 0.00 | -100.00 | 0.00 | 0.00 | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | Услуги за ПП апарати | 370,478.00 | 59,583.00 | 16.08 | -83.92 | 0.13 | 0.01 | | |
| | Услуги за ХТЗ заштита | | 437,040.00 | 0.00 | -100.00 | 0.00 | 0.09 | | |
| | Услуги за испитување на штетни зрачења и загадување | | 46,500.00 | 0.00 | -100.00 | 0.00 | 0.01 | | |
| 8 | Услуги зимска служба | | | 0.00 | -100.00 | 0.00 | 0.00 | 473,000,000.00 | 5.40 |
| 9 | Услуги од трети лица | 52,797,689.00 | 25,533,996.00 | 48.36 | -51.64 | 19.14 | 5.20 | | |
| **НЕМАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ Трошоци за услуги** | | **72,942,057.00** | **37,614,631.00** | **51.57** | **-48.43** | **26.45** | **7.66** | | |
| **1** | **Бруто плати** | **126,577,809.00** | **118,029,566.00** | **93.25** | **-6.75** | **45.89** | **24.03** | **572,000,000.00** | **3.03** |
| 1 | Останати трошоци за вработените-(отпремнина,помош за смртен случај,к-15) | 18,174,519.00 | 1,358,422.00 | 7.47 | -92.53 | 6.59 | 0.28 | | |
| 2 | Трошоци за превоз за службени патувања и хотелско сместување во странство | 110,750.00 | | 0.00 | -100.00 | 0.04 | 0.00 | **55,000,000.00** | **31.55** |
| 3 | Надомест на трошоци на вработени (теренски,превоз,одвоен живот, сопствено возило) | 13,588,020.00 | 15,991,600.00 | 117.69 | 17.69 | 4.93 | 3.26 | | |
| | **Надоместоци на плата и останати трошоци за вработените** | **31,873,289.00** | **17,350,022.00** | **54.43** | **-45.57** | **69.71** | **3.53** | | |
| | **Амортизација** | **17,347,669.00** | **17,635,193.00** | **101.66** | **1.66** | **6.29** | **3.59** | **77,000,000.00** | **22.90** |
| 1 | Трошоци за управен и надзорен одбор | 372,426.00 | 334,172.00 | 89.73 | -10.27 | 0.14 | 0.07 | | |
| 2 | Трошоци за репрезентација | 792.00 | 113,925.00 | 14,384.47 | 14,284.47 | 0.00 | 0.02 | | |
| 3 | Трошоци за осигурување | 1,500.00 | 4,400.00 | 293.33 | 193.33 | 0.00 | 0.00 | | |
| 4 | Банкарски услуги и трошоци за платен промет | 107,630.00 | 109,232.00 | 101.49 | 1.49 | 0.04 | 0.02 | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 | Даноци кои не зависат од резултат, комунална такса,данок на имот, персонален данок-К15,доплата на придонеси | 2,239,914.00 | 121,363.00 | 5.42 | -94.58 | 0.81 | 0.02 | | |
| 6 | Надомест за дозвола и надзор на асвалтна база | 155,702.00 | | 0.00 | -100.00 | 0.06 | 0.00 | | |
| 6 | Останати трошоци на работењето (административни услуги, списанија) | 32,410.00 | 14,071.00 | 43.42 | -56.58 | 0.01 | 0.00 | **38,500,000.00** | **25.44** |
| 7 | Консалтинг услуги | 132,000.00 | | 0.00 | -100.00 | 0.05 | 0.00 | | |
| 8 | Правни услуги | 302,670.00 | 429,386.00 | 141.87 | 41.87 | 0.11 | 0.09 | | |
| 9 | Услуги за вештачење | 546,040.00 | 225,333.00 | 41.27 | -58.73 | 0.20 | 0.05 | | |
| 10 | Договор за дело | 1,347,242.00 | 5,325,836.00 | 395.31 | 295.31 | 0.49 | 1.08 | | |
| 11 | Надомест за семинари и тековни надградби | 62,515.00 | | 0.00 | -100.00 | 0.02 | 0.00 | | |
| 12 | Регистрации | 3,032,167.00 | 2,259,732.00 | 74.53 | -25.47 | 1.10 | 0.46 | | |
| 13 | Судски такси | 1,060,743.00 | 855,770.00 | 80.68 | -19.32 | 0.38 | 0.17 | | |
| | **Останати трошоци од работењето** | **9,393,751.00** | **9,793,220.00** | **104.25** | **4.25** | **3.41** | **1.99** | | |
| 1 | Трошоци за отпис и расходување | 1,458,207.00 | | 0.00 | -100.00 | 0.53 | 0.00 | | |
| 2 | Штети по извршни решенија | 9,466,063.00 | 16,502,270.00 | 174.33 | 74.33 | 3.43 | 3.36 | **33,000,000.00** | **50.01** |
| 3 | Камати по извршни решенија, добавувачи и камата за ДДВ(УЈП) | 7,631,249.00 | 316,120.00 | 4.14 | -95.86 | 2.77 | 0.06 | **34,500,000.00** | **0.92** |
| **ОСТАНАТИ РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО Останати финансиски расходи** | | **18,555,519.00** | **16,818,390.00** | **90.64** | **-9.36** | **6.73** | **3.42** | | |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | | **368,295,697.00** | **362,793,171.00** | **98.51** | **-1.49** | **133.54** | **73.85** | **2,069,500,000.00** | **17.53** |
| **ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ** | | **-92,493,633.00** | **128,478,272.00** | **-138.90** | **-238.90** | | | **15,000,000.00** | **856.52** |

## ОБВРСКИ И ПОБАРУВАЊА

| | | Состојба 31.12.2023 | Состојба 31.12.2024 | споредбено 31.12.2023 31.12.2024 | индекс на зголемување намалување | Структура на вкупните обврски 31.12.2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Обврски кон добавувачи | 1,256,069,364.00 | 1,399,875,506.00 | 111.45 | 11.45 | 84.26 |
| 2 | Обврски за неисплатени штети по извршни решенија | 219,103,120.00 | 261,544,291.00 | 119.37 | 19.37 | 15.74 |
| 3 | Обврски за ДДВ | -8,080,834.00 | -179,892.00 | 2.23 | -97.77 | -0.01 |
| 4 | Обврски за данок на добивка по годишна сметка | 3,674,502.00 | -253,827.00 | -6.91 | -106.91 | -0.02 |
| 5 | Обврски за бруто плата | 43,646,035.00 | 0.00 | 0.00 | -100.00 | 0.00 |
| 6 | Обврски за теренски додаток на вработени | 7,210,000.00 | 425,000.00 | 5.89 | -94.11 | 0.03 |
| | **СОСТОЈБА НА ВКУПНО НЕИЗМИРЕНИ ОБВРСКИ** | **1,521,622,187.00** | **1,661,411,078.00** | **109.19** | **9.19** | **100.00** |
| 1 | Од ЈП за Државни патишта Скопје | 65,149,199.00 | 399,707,281.00 | 613.53 | 513.53 | 100.00 |
| 2 | Од трети лица | | | 0.00 | -100.00 | 0.00 |
| | **Побарувања од купувачите-редовни ненаплатени** | **65,149,199.00** | **399,707,281.00** | **613.53** | **513.53** | **96.34** |
| 1 | ЈП улици и патишта Скопје | 4,726,604.00 | 0.00 | 0.00 | -100.00 | 0.00 |
| 2 | Јп за стопанисување со станбен и деловен простор Скопје | 192,552.00 | 0.00 | 0.00 | -100.00 | 0.00 |
| | **Побарувања по договор за заем** | **4,919,156.00** | **0.00** | **0.00** | **-100.00** | **0.00** |
| 1 | Од трети лица | 8,814,151.00 | 8,814,151.00 | 100.00 | 0.00 | 58.08 |
| 2 | Од единици на локална самоуправа | 6,862,162.00 | 6,362,162.00 | 92.71 | -7.29 | 41.92 |
| | **Побарувања од купувачите-тужени (сомнителни и спорни)** | **15,676,313.00** | **15,176,313.00** | **96.81** | **-3.19** | **3.66** |
| | **СОСТОЈБА НА ВКУПНО НЕНАПЛАТЕНИ ПОБАРУВАЊА** | **85,744,668.00** | **414,883,594.00** | **483.86** | **383.86** | **100.00** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **БРОЈНА СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИ** | **768** | **729** | | |
| | *редовно вработени | 551 | | | |
| | *времено вработени | 217 | | | |
| | Просечна исплатена бруто плата по вработен | 54,938.29 | 53,968.71 | 98.24 | -1.76 |
| | **СОСТОЈБА НА СИТЕ ЖИРО СМЕТКИ** | **71,901,173.00** | **4,994,485.00** | 6.95 | |
| 1 | Стопанска банка | 70,289,484.00 | 4,866,760.00 | | |
| 2 | Комерцијална банка | 1,406,582.00 | 3,282.00 | | |
| 3 | Стопанска банка с/ка за плата | 204,017.00 | 123,353.00 | | |
| 4 | Централна кооперативна банка | 1,090.00 | 1,090.00 | | |

изработил:Мирјана Сарцовска ______________________

проверил:Оливија Јаневска ______________________